**Известување за концентрација со која Поли Рецуцлинг АГ Швајцарија стекнува директна контрола над Друштво за трговија, производство и услуги ГРИНТЕХ МК ДОО Скопје**

**(предмет бр. 08-140/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 20.09.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Поли Рецуцлинг АГ Швајцарија со регистрирано седиште на Индустрие Ост 8865 Билтен, Швајцарија стекнува директна контрола над Друштво за трговија, производство и услуги ГРИНТЕХ МК со седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72, Скопје – Карпош, преку стекнување на 70% удел во основната главнина.

Поли Рецуцлинг АГ (Poly Recycling AG), со регистрирано седиште на Индустрие Ост 8865 Билтен, Швајцарија, активно во дејностите на преработка на отпад (рециклирање на отпад).

Поли Рецуцлинг АГ нема присуство во Република Северна Македонија.

Друштво за трговија, производство и услуги ГРИНТЕХ МК ДОО Скопје со седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија, активно во дејностите на собирање и третман на отпад.

Предложената трансакција се однесува на пазарот на собирање и третман на отпадна пластична амбалажа. Географскиот пазар на стоки/услуги за предметната концентрација е пазарот во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

25.09.2023 година
Скопје